<table>
<tr><td colspan="3">Седмица: 9 Час: 7
Датум:</td><td colspan="3">Тема 2: Работа со текст
Наставна единица: Цртање во документ</td><td>Одделение:
IV</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнувањата</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td rowspan="3">Да се оспособи за користење на алатките од лентата за цртање</td><td><u>Сите можат:</u>
да ги набројат досега изучените можности на програмот Open Office Writer</td><td>Повторуваме за апликативен софтвер, за програма за внесување и обработка на текст, како и за досега научените можности на Open Office Writer. Денес ќе учиме како се користат алатките од лентата за цртање.</td><td>З
метод на разговор</td><td rowspan="3">Детски компјутери

LCD проектор

Учебник</td><td>Дискусија</td></tr>
<tr><td>30 мин.</td><td><u>Повеќето можат:</u>
да ги користат алатките од лентата за цртање за да се внесе цртеж на одредена форма во документот</td><td>• Објаснување за користење на алатки за цртање.
- На LCD проектор демонстрирам чекори за внесување форми во документ. Се отвора текстуален документот, се клика на Приказ > Алатници > Цртање. Со штиклирање на алатникот Цртање, во долниот дел од прозорот се појавува лента со алатки за цртање.
Ако сакаме да нацртаме правоаголник: го кликнуваме икончето со правоаголник, потоа во документот на определено место со кликање и влечење се добива формата. На сличен начин вметнуваме линија, круг, ѕвезда и други форми од овој алатник.
- Учениците цртаат и ги применуваат опишаните чекори зададени од наставникот со користење на алатникот за цртање.
- Ги истражуваат останатите алатки од лентата за цртање и составуваат робот, куќа, дрво и слично. Наставникот ја следи работата на учениците и помага каде што има потреба.</td><td>метод на демонстрација

И
метод на работа со компјутер</td><td>Набљудување

Изработен документ со цртежи</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td><u>Некои можат:</u>
да ги обојат внесените форми</td><td>Истражуваат како се бојат формите што ги нацртаа.</td><td>И
метод на работа со компјутер</td><td>Изработен документ со обоени цртежи</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста</td><td colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td>Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Воведен дел: повторување на знаењата за софтвер и можностите на на програмот Open Office Writer
Главен дел: Активности за користење на алатки за цртање, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап
Завршен дел: Самостојна работа на учениците</td><td colspan="3">Да истражуваат како се внесуваат едноставни форми во програмот за текст со кој работат дома.</td><td>Лента за цртање.</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk